*Име и презиме:* _____ *Датум:* _____

# Делење со остаток – 4 -1

Прочитајте ги внимателно барањата во следниве задачи и соодветно одговорете. Во сите задачи делењето е со остаток.

**1** Поделете:

а) 78 : 7 = б) 135 : 6 = в) 314 : 5 =

**2** Еден пакет хартија има 500 листа хартија. За учениците од едно училиште се печатат тестови на по 3 листа хартија.

а) Колку најмногу тестови може да се отпечатат?

б) Ако се знае дека за учениците од целото училиште се доволни 2 пакети хартија, колку најмногу ученици може да има во училиштето?

**3** Баба Маре сакала на маалските деца да им подари по 4 моливи. Купила три пакетчиња со по 35 моливи. На колку најмногу деца може да им подари моливи? Колку моливи ќе ѝ останат?

**4** Во една цвеќара добиле пратка од 320 рози. Цвеќарките аранжирале букети од по 7 рози. Колку најмногу букети можат да аранжираат цвеќарките? Уште колку рози треба да набаваат за да аранжираат 50 букети?

Copyright © 2015 Математика + 

# Делење со остаток – 4-1

## Одговори

**1**

а) 78 : 7 = 11 и остаток 1 б) 135 : 6 = 22 и остаток 3

в) 314 : 5 = 62 и остаток 4

**2**

а) Бидејќи

500 : 3 = 166 и остаток 2,

најмногу може да се отпечатат 166 тестови.

б) Бидејќи во 2 пакета хартија имаат вкупно 2 · 500 = 1000 листа и бидејќи 1000 : 3 = 333 и остаток 1, заклучуваме дека најмногу може да се отпечатат 333 тестови. Значи училиштето не може да има повеќе од 333 ученици.

**3**

Баба Маре купила 35 · 3 = 105 моливи. Планирала на секое дете му подари по 4 моливи. Од тоа што

105 : 4 = 26 и остаток 1,

може да заклучиме дека баба Маре можела да им подари моливи најмногу на 26 деца, и еден молив ќе ѝ остане.

**4**

Бидејќи

320 : 7 = 45 и остаток 5,

цвеќарките можат да припремат најмногу 45 букети. Потребни им се уште 5 букети за да направат вкупно 50 букети. За овие 5 букети потребни се 5 · 7 = 35 рози. Бидејќи 5 рози им останале од пратката, треба да набаваат уште 35 – 5 = 30 рози за да може да направат вкупно 50 букети.

Copyright © 2015 Математика + 